Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-123/3
14-02-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 123/1 од 27.01.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Здружение за слепи лица и лица со оштетен вид Св. Николе и Сојуз на слепи лица и лица со оштетен вид - Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 14.02.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 123/1 од 27.02.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Здружение за слепи лица и лица со оштетен вид Св. Николе и Сојуз на слепи лица и лица со оштетен вид - Скопје **заради ненадлежност**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 27.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 123/1, поднесена од [redacted] против [redacted] Здружение за слепи лица и лица со оштетен вид Св. Николе и Сојуз на слепи лица и лица со оштетен вид - Скопје. Претставката е поднесена од член на Здружението на слепи лица и лица со оштетен вид Св. Николе во врска со одлуките на здружението, како и начинот на функционирање на здружението.

По разгледувањето на претставката, ве информираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да ја оценува законитоста на одлуките на здруженијата, ниту нивната внатрешната организациска поставеност кога истите не се поврзани со дискриминација.

Врз основа на тоа, доколку подносителот смета дека како член на здружението му е повредено одредено право го упатуваме да побара судска заштита пред надлежен суд.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
14.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk